# Службен гласник
## на Општина Струмица

| Број 10 | Петок, 03 август 2018 год. |
|---|---|

www.strumica.gov.mk

**С о д р ж и н а**

**Градоначалник на општина Струмица:**

| Рег. бр. | | Стр. |
|---|---|---|
| **194.** | **Јавна објава** - непознат имател на градба ........................................................... | 1 |

---

**194.**

Врз основа на член 84 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15 и 65/18), ја извршувам следната достава преку

**Ј а в н а о б ј а в а**

Општина Струмица го повикува НЕПОЗНАТИОТ ИМАТЕЛ НА ГРАДБА во рок од 1 (еден) ден, да се јави во просториите на Општина Струмица, да го подигне Решението со Ип 1 бр. 26-499 од 13.07.2018 година, донесено од Овластениот градежен инспектор.

Општина Струмица, преку Овластениот градежен инспектор, со горенаведеното Решение, му налага на непознатиот имател на градба во рок од 7 (седум) дена од приемот на Решението сам да ги отстрани градбите дефинирани во член 73 од Законот за градење - помошен објект и ограда, кои се градат, односно се изградени на КП 7931 КО Струмица со габаритни димензии: помошниот објект во основа 6 x 4.5 м и катност- приземје, изградена без решение за градење и димензии на ограден ѕид со должина од 4 м и висина од 1.2 м. Парцелата КП 7931 КО Струмица запишана на Имотен лист 16452 за КО Струмица, во сопственост на Република Македонија со вкупна површина од 10728 $м^2$, со култура пасиште.

Доколку непознатиот инвеститор не го подигне Решението, оваа Јавна објава се смета за уредна достава на Решението со Ип 1 бр. 26-499 од 13.07.2018 година и сите негативните последици кои можат да настанат од истата ги сноси самата странка.

Бр.03-6465/2
30.07. 2018 год.
С т р у м и ц а

Општина Струмица
Градоначалник,
Коста Јаневски